SEENPM
South East European Network
for Professionalization of Media

# МОБИЛИЗАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС ВО МЕДИУМИТЕ

## Мапирање добри практики за медиумскиот активизам

Санела Хоџиќ

SEENPM
South East European Network
for Professionalization of Media

# МОБИЛИЗАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС ВО МЕДИУМИТЕ

## Мапирање добри практики за медиумскиот активизам

Автор и истражувач: Санела Хоџиќ

Уредничка и раководителка на регионалното истражување: Бранкица Петковиќ

Лектор по англиски јазик на изворниот текст: Фиона Томсон

Преведувач од англиски јазик: Ирена Распашковска-Пехчевски

Лектор по македонски јазик: Виолета Караџовска-Стојанова

Графички дизајн: Шпела Крањец

Издавачи:

Фондација „Медиацентар“, Сараево

Мировен институт, Љубљана

Сараево, јануари 2024

MEDIACENTAR
SARAJEVO

Mirovni inštitut
Inštitut za sodobne družbene in politične študije
The Peace Institute
Institute for Contemporary Social and Political Studies

*Оваа публикација е подготвена со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината е одговорност исклучиво на авторката и на издавачите и не ја одразува политиката на Европската Унија.*

# СОДРЖИНА

**I. ВОВЕД** **5**

1.1. ДЕФИНИРАЊЕ НА МЕДИУМСКИОТ АКТИВИЗАМ 7

**II. КУС ПРЕГЛЕД НА ДОЛГАТА ИСТОРИЈА НА МЕДИУМСКИОТ АКТИВИЗАМ** **9**

**III. МАПИРАЊЕ ДОБРИ ПРИМЕРИ НА МЕДИУМСКИ АКТИВИЗАМ** **13**

3.1. АЛТЕРНАТИВНИ ПЛАТФОРМИ 13
- 3.1.1. Платформи за алтернативни содржини и/или алтернативни интернет-услуги 14
- 3.1.2. Медиуми на заедницата 16
- 3.1.3. Независни медиуми 19
- 3.1.4. Истражувачки новинарски проекти, центри и регионални/меѓународни мрежи 21
- 3.1.5. Поддржани иницијативи за алтернативни, независни медиуми 23

3.2. ИСТРАЖУВАЊА, КАМПАЊИ И ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА МЕДИУМСКИ РЕФОРМИ 25
- 3.2.1. Коалиции и мрежи за реформи во медиумите 25
- 3.2.2. Организации што бараат медиумски реформи во широката тематска област на слободата на изразување 27
- 3.2.3. Реактивен активизам за назадни политички иницијативи со барања за прогресивни промени на политиките 30
- 3.2.4. Медиумски активизам поврзан со регулативата: мониторинг, правна поддршка и заложба за спречување на злоупотреба на законите 31
- 3.2.5. Медиумски активизам на родова основа 34
- 3.2.6. Поддржување етичко рекламирање и скратување на средствата за неетички медиумски практики 35
- 3.2.7. Проверка на факти 37
- 3.2.8. Активизам за медиумска одговорност 39
- 3.2.9. Други иницијативи за мониторинг и надзор на медиумите 40

3.3. ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ НА МЕДИУМИ, НОВИНАРИ И ГРАЃАНИ 41

3.4. МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, МРЕЖИ И ДОНАТОРСКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА СЛОБОДА И РАЗВОЈ НА МЕДИУМИТЕ 44

**IV. ЗАВРШНА ДИСКУСИЈА 45**

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ 50

ЗА АВТОРОТ 53

I.

# ВОВЕД

Медиумите и комуникацијата се навидум најважното подрачје на современите политички борби. Тоа е така бидејќи се оптоварени со политички клучни прашања, кои се движат од влијанија врз уредувачките политики, концентрацијата и конвергенцијата на сопственоста, преку безбедноста и надзорот на информациите, квалитетот и разновидноста на информациите и конечно централната улога на медиумите и на комуникациските платформи во јавната дискусија и во политичките процеси. Наместо само канали за комуникација и претставување на општествената реалност, демократските медиуми се предуслов за демократијата.[1] Во репресивните режими низ светот независното новинарство работеше под притисоци, а во некои од нив буквално беше поништено. Медиумската криза сепак е глобална, при што медиумите во голема мера се заробени од корпоративни и од политички интереси.[2] Глобалните трендови на поларизација и радикализација среде војните во Украина и регионот Левант само ги влошуваат проблемите, а исто така и технолошките промени и доминацијата на големите технолошки платформи што се заканувааат дополнително да го намалат општиот интерес, како и независното и квалитетно изготвување содржини. Поради тоа медиумскиот активизам стана толку важен. Затоа во овој извештај тргнуваме од идејата дека работењето на медиумите и медиумските реформи ќе го одредат текот на историјата и дека мапирањето на добрите практики, ќе ни помогне да го предвидиме медиумскиот активизам што може да овозможи распространетост на вредностите од јавен интерес во новинарството, медиумите и комуникацијата во овие кризни времиња.

**Мапирањето добри практики ќе ни помогне да поттикнеме медиумски активизам што би ги поддржувал вредностите кои се од јавен интерес во новинарството, медиумите и комуникацијата во овие кризни времиња.**

Медиумскиот активизам може да биде насочен кон промени во медиумските институции, медиумските политики, медиумските содржини и практики, но и кон создавање алтернативни медиуми, односно простори што обезбедуваат содржини од јавен интерес и кои промовираат демократски вредности. Имајќи го тоа на ум, прегледот на добри примери на медиумски активизам што го даваме во овој извештај има за цел да инспирира поцелисходни и агилни акции за одбрана на јавниот интерес во медиумите и во комуникацијата. Поконкретно,

1 Покрај овие аргументи, Jakubowicz (1990) ѝ пристапува на демократската комуникација како „комуникативна демократија“ т.е. како средство за постигнување демократија во поширока смисла.

2 Погледнете Schiffrin, 2021.

има за цел да инспирира создавање добри практики за медиумска и информациска писменост од страна на коалициите и граѓанските организации (ГО), во рамките на проектот „Нашите медиуми“[3] и пошироко. Медиумскиот активизам и медиумската и информациската писменост се суштински поврзани бидејќи само медиумски писменото граѓанство придонесува за мобилизација што може да придонесе кон значителни медиумски и комуникациски реформи.

Прегледот вклучува примери на медиумски активизам од регионот на Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија) и Турција, како и од земјите на ЈИЕ и остатокот од светот. Мапирањето на добрите практики беше спроведено во периодот од јуни до октомври 2023 година, првенствено врз основа на секундарно истражување, а онаму каде што беше потребно беше спроведено и примарно истражување, односно анализа на содржините на онлајн изворите и на барањата за информации до институциите што се надлежни за прашања поврзани со медиумите. Кон истражувањето придонесоа истражувачите од седум држави од регионот: Илда Лондо (Албанија), Анида Сокол (Босна и Херцеговина), Флорент Спахија (Косово), Милица Богдановиќ (Црна Гора), Весна Никодиноска (Северна Македонија), Милица Јањатовиќ Јовановиќ (Србија) и Синем Ајдинли (Турција).[4]

Овој извештај почнува со дискусија за дефинициите и за концептуалната рамка на медиумскиот активизам, по што следува кус преглед на историјата на медиумскиот активизам. Потоа презентираме и накратко анализираме добри примери на медиумски активизам, а во завршниот дел ги дискутираме можностите и предизвиците и предлагаме типологија на медиумски активизам.

Конечно, овој извештај се стреми да претстави добри примери за медиумски активизам, вклучувајќи ги и оние што успешно придонесоа за промени во медиумските политики и практики, но исто така и за преиначување на јавните политики и подигање на јавната свест, искористување поширока поддршка, вклучување нови теми или видови активности, или пак, активности што се успешни само до тој степен што постојат како предизвик за постојните политики и практики.[5] Ние не тврдиме дека сме ги избрале најдобрите, најделотворните примери на медиумски активизам, туку се стремиме кон различност во однос на тематскиот фокус, видовите акции, групите на кои им припаѓаат учесниците, географскиот локус и политичкиот контекст.

---

3 Проектот „Нашите медиуми“ го спроведува коалиција на организации за медиумски активизам од Западен Балкан и од Турција. За повеќе информации на веб-страницата на Мрежата за професионализација на медиумите во Југоисточна Европа на https://seenpm.org/about-the-project/. Овој извештај за добри примери на медиумски активизам е изготвен во рамките на проектот.

4 Благодарност до Мирела Рожајац-Зулчиќ за помошта при собирањето извештаи и податоци за примери на добри практики на медиумски активизам надвор од регионот на ЈИЕ и Турција.

5 За тоа како медиумскиот активизам го предизвикува стандардниот концепт на „успех“ во литературата за општествено движење, погледнете во делата на Hackett и Carroll (2006, 100), како и Hackett (2016).

## 1.1. ДЕФИНИРАЊЕ НА МЕДИУМСКИОТ АКТИВИЗАМ

Медиумскиот активизам претходно беше истражуван првенствено во рамките на медиумските студии[6] од гледна точка на креирање политики, но во последните децении сè повеќе му се пристапува од перспектива на општественото движење.[7]

**Резултатите од медиумскиот активизам, односно од борбата за комуникациски права, за демократизација на медиумите, за медиумска правда и за медиумските реформи, ќе го одредат текот на историјата, како што веќе го прават тоа.**

Теоретичарите и медиумските активисти користеа различни концептуални рамки при дефинирањето на медиумскиот активизам, почнувајќи од „слобода на медиумите“ или „слобода на изразувањето“ (фокусирајќи се првенствено на прекршувањето на слободата од владини и корпоративни агенти), „медиумски реформи“ (што подразбира реформи на постојните медиумски структури), „алтернативни медиуми“ како форма на медиумски активизам до „комуникациски права“ (нагласувајќи ја врската помеѓу комуникацијата и другите човекови права), „медиумска демократизација“ (со фокус на улогата на медиумите во овозможување информирано и активно граѓанство), „медиумска правда“ (земајќи ја предвид маргинализацијата и застапеноста на малцинствата) и перспективна „културна средина“ (во која културната средина се смета како резултат на проблематично централизирана, глобализирана и масовно пласирана медиумска средина).[8] Постои дилема да се донесе единствена обединувачка рамка (Napoli 2007, 2), при што медиумскиот активизам се дефинира со различни термини. На пример, Hackett и Carroll го дефинираат она што го нарекуваат демократизација на медиумите како: *„...активизам насочен кон медиумите, кој го проширува опсегот на гласови до кои се пристапува преку медиумите, кој гради рамноправна и партиципативна јавна сфера, кој ги промовира вредностите и практиките на одржлива демократија надвор од медиумите и/или во рамките на медиумите и кој ги неутрализира политичките и економските нееднаквости присутни на други места во општествениот систем“* (2004, –).

Иако би можела да биде корисна една рамка за заедничка масовна мобилизација, заради акумулација на знаење, како, на пример, во нашето истражување, ние ќе се држиме до сеопфатно разбирање на медиумскиот активизам, вклучително и горенаведените рамки. Наполи тврди дека без оглед на дефинициите и на приоритетите, движењето за „подобрување на системот на медиумите и на комуникациите (...) може корисно да се проучува како делумно интегрирана целина“ (2007, 9). Или како што забележува Опел (2004), различните рамки и дефиниции „... се однесуваат на цела низа прашања и организации што се занимаваат со улогата на медиумите во современиот свет“ (стр. 25, види исто така Klein, 2001).

---

6 Исто, 531-532.

7 Паралелно, теоретичарите на општественото движење во голема мера се фокусираат на улогата на медиумите и на информатичката технологија не како предмет на активизам, туку како платформи што овозможуваат активизам за проблематика од некомуникациска природа. Види Muller; Page и Kuerbis, 2004, 170.

8 Видете Hackett и Carroll 2006, Napoli 2007, повеќе за рамката „културна средина“ видете Dunkan, 1999.

Поточно, под поимот „активизам“ подразбираме секаква борба за промена[9], а под „медиумски активизам“ секаков активизам насочен кон промена на јавниот интерес во медиумскиот и комуникацискиот сектор.[10] Ја усвојуваме дефиницијата за медиумски активисти од Хојнес: *„Медиумските активисти се обидуваат да ја променат структурата и содржината на ‘мејнстрим’ медиумите, и тие користат широк спектар тактики за наизменично привлекување на новинарите и притисок врз нив, привлекување на вниманието на јавноста кон неуспесите на главните медиуми, градење јавна поддршка за политиките насочени кон промовирање на различноста во сопственоста и содржината на медиумите и поддршка на алтернативните медиуми низ опсегот на медиумски платформи“* (2005, во Фридман 2017, 1), притоа нагласувајќи дека медиумскиот активизам вклучува различни прашања поврзани со медиумите, вклучително и оние поврзани со комуникацијата на неновинарски платформи, како и дека цели кон различни групи – од новинари, пратеници и државни институции, сè до различни граѓански групи и пошироката јавност.

**Медиумскиот активизам вклучува обиди за влијание врз институциите, градење алтернативни медиумски практики, како и развивање на сензибилитетот кај корисниците на медиумите.**

Се потпираме на идејата дека резултатите од медиумскиот активизам, односно од борбата за комуникациски права/демократизација на медиумите/медиумската правда/медиумските реформи какви што се во моментот, ќе го одредат текот на историјата. Како што забележале Хакет и Керол: „Со оглед на клучната улога што ја играат масовните медиуми во обликувањето на јавните прашања и свеста, борбата за демократизирање на комуникацијата влијае врз исходот на широк спектар политички, социјални и економски прашања – од локален урбан развој до војна“ (2004, –). Медиумскиот активизам вклучува обиди да се влијае врз постојните институции (преку реформи во медиумската политика и кампањи за промени во медиумските содржини, на пример во однос на застапеноста на малцинските групи), како и градење алтернативни медиумски практики и развивање на сензибилитетот на корисниците на медиумите (преку одржување алтернативни, демократски, партиципативни медиумски гласила и зајакнување на позицијата на граѓаните преку едукација за медиумите).[11]

---

9 Cammaerts го дефинира активизмот како способност да се создава или да се менува историјата (2007, 217).

10 Иако терминот медиумски активизам исто така често се користи за да означи користење на медиумите и на информациската технологија за да се направат социјални промени во кој било домен, ние овде нема да го разгледуваме овој аспект на медиумскиот активизам.

11 Види повеќе во Hackett и Carroll 2004.

# II.

# КУС ПРЕГЛЕД НА ДОЛГАТА ИСТОРИЈА НА МЕДИУМСКИОТ АКТИВИЗАМ

Медиумскиот активизам постоел во многу различни историски периоди и контексти. Често ја црпел својата сила од професионалните синдикати и од движењата за човекови права или, пак, од социјалните движења. Во Соединетите Американски Држави, уште во 20-тите години на 20 век некои активисти се спротивставуваа на комерцијализацијата на медиумите и се залагаа за формирање непрофитен медиумски сектор, но движењата на црната популација и на женската десница во 60-тите и во 70-тите години на 20 век, беа тие што се прелеаја во посуштински дејства поврзани со медиумите и со комуникацијата.[12] Во истиот период, продорот на кабелската телевизија и новите можности за емитување непрофитабилни програми за култура, образовни и јавни работи, поттикнаа застапување за алтернативни медиуми (Kranich 2004, 200). Антикапиталистичкиот „Национализам од Третиот Свет“ беше движечка сила зад меѓувладиното движење Нов светски информациски и комуникациски поредок (NWICO), кое одигра главна улога во медиумскиот активизам во 70-тите и во 80-тите години на 20 век.[13] Во Бразил, во 80-тите години на 20 век постоеја две широки движења: медиумско движење на заедницата, кое бараше регулирање и легитимирање на претходно висококриминализираниот радиски сектор во заедницата, и движење за плурализација на радиодифузијата и против доминацијата на приватните медиумски конгломерати, воспоставено од

**Медиумскиот активизам постоел во многу различни историски периоди и контексти. Тој честопати ја црпел својата сила од професионалните синдикати и социјалните движењата за човекови права.**

12 Види McChesney 2008 и Mueller, Kuerbis, & Page 2004. Во овој период фокусот на активистите (често политичките малцинства) беше на медиумските содржини и бројот на организации за застапување драстично порасна (Mueller 2004, 37).

13 Меѓутоа, непријателството од владите на ОК и на САД, глобалната хегемонија на пазарниот либерализам и повлекувањето од социјалистичките и антиимперијалистичките визии на национализмот, ги натераа националните политички елити да го напуштат NWICO во корист на преговарање национални и регионални односи со глобалните медиумски сили (Hackett 2016).

универзитетски научници и од студенти, кои заеднички придонесоа за позитивни законски измени.[14] Приближно во исто време Јужна Кореја забележа протести против пристрасноста на јавниот радиодифузер, кои ја покажаа моќта на колективните акции и ги поттикна другите движења на публиката.[15]

Исто така, токму постојната етика на јавниот сервис во Западна Европа, која во некои случаи одеше рака под рака со културниот национализам, беше искористена за да се поттикне државното финансирање за демократски алтернативни медиуми и за медиумите на заедницата (Hackett 2016). Дополнително, борбите на работниците и на социјалдемократските партии во Западна Европа беа столб на левичарскиот печат и на застапувањето за реформи на медиумските политики.[16] Во Северна Ирска, почнувајќи од крајот на 90-тите години на 18 век, алтернативните медиуми и изразите преку ѕидни мурали и улична уметност беа дел од стратегијата за изразување алтернативни политички ставови, соочени со структурната пристрасност на главните медиуми против републиканците и другите придружни групи (Hoey 2018, 4).[17] Медиумскиот активизам проникна дури и на најнеочекуваните места, како во случајот со весникот „Ведем" што го управуваа тинејџери во 1942-1944 година во концентрациониот логор Терезиенштад (денешна Чешка), кој „на еден уникатен начин го симболизира човечкиот капацитет и потребата за комуникација" (Carpentier, 2011, 10).

Во поновиот период, во околностите при распадот и војната во поранешна Југославија во 90-тите години на минатиот век, медиумскиот активизам носеше силна воена димензија и даваше алтернатива на етнонационалната идеологија што доминираше во јавната сфера. Еден од најзабележителните примери за антивоен ангажман со користење алтернативни медиумски форми беше весникот „АРКзин" во Хрватска, кој се појави во 93 изданија во кои се вкрстија политиката, културата, теоријата и уметноста.[18] По војната, граѓанскиот сектор во регионот се прошири поддржувајќи го независното новинарство,[19] барајќи медиумски реформи водени од јавниот интерес,[20] како и зајакнување

**Медиумските активисти се занимаваат со прашања од јавен интерес поврзани со медиумите и комуникацијата, на пр. застапеност на малцинските групи во медиумските содржини и политиките за вработување, обезбедување алтернативни медиуми (на пр. медиуми на заедницата), медиумско финансирање и сопственост, пристап до информации од јавен карактер, медиумска писменост и многу други прашања.**

14 Види Custòdio 2017, 64.

15 Види Young-han 2001.

16 На пример, CPBF во Британија, основана во 1979 година, беше „сојуз помеѓу новинари, академици, работници од јавниот сектор што се соочуваа со покривање непријателски содржини во печатот, како и синдикати на печатени медиуми што се соочуваа со технолошко уништување (Hackett 2016).

17 Од почетокот на мировниот процес во раните 90-ти години на минатиот век, овие гласила сè повеќе се интегрирани во главната медиумска сфера (Hoey, 2018, 5).

18 Погледнете ја веб-страницата на ARKzin, на: https://monoskop.org/Arkzin.

19 На пример, оставките на новинарите на Б92 откако медиумот беше насилно преземен од владин функционер во 1999 година, како и протестите на новинарската заедница и на граѓаните против мешањето на владата во радиодифузните фреквенции на Б92. Б92 во тоа време беше еден од ретките независни медиуми во заднина на силната владина репресија. Видете ја статијата на Osservatorio Balcani e Caucaso Transeuropa (OBCT), на https://www.balcanicaucaso.org/bhs/zone/Srbija/Srbija-kako-je-nastao-i-nestao-Radio-B92-163188.

20 На пример, здруженијата на новинари, граѓански организации и независни медиуми во 2013 година ги запреа законските измени што би го ограничиле пристапот до информации од јавен карактер во Босна и Херцеговина (Декиќ 2013).

на капацитетите за учество на граѓаните, вклучително и во медиумските реформи.[21]

Под притисок на авторитарните влади, граѓанското општество во Унгарија и во Полска исто така се спротивставува на заробувањето на медиумите и на ограничувањето на слободата на медиумите, често преку масовни протести. На пример, во 2016 година во Варшава, илјадници граѓани ја блокираа зградата на парламентот во знак на протест против плановите на владата да го ограничи пристапот на новинарите до седниците на парламентот.[22] Медиумскиот активизам исто така вклучуваше молби до Европската Унија да интервенира и да користи условувања за да се зачува слободата на медиумите.[23]

**Медиумскиот активизам придонесе кон неизбежни позитивни промени во сферата на медиумските политики и практики (и истовремено оневозможи многу негативни).**

Медиумските активисти се занимаваат со широк спектар прашања од јавен интерес во врска со медиумите и комуникацијата, од застапеноста на малцинските групи во медиумските содржини, различноста во политиките за вработување, сè до обезбедувањето алтернативни медиуми (на пример, заедницата), (вклучително и преку законодавството и обезбедувањето радиодифузни фреквенции),[24] за прашања што се однесуваат на независноста и на улогата на јавниот радиодифузен сервис, транспарентноста на финансирањето и сопственоста на медиумите, пристапот до информации од јавен карактер, безбедноста и заштитата на правата на новинарите, следењето на медиумите (следење и спротивставување на пристрасноста на медиумите, стереотипите, дезинформациите итн.), зголемувањето на медиумската писменост и многу други прашања.

**Иницијативите за медиумски активизам покажаа дека постои широка платформа за медиумски реформи која вклучува не само медиумски професионалци и новинарски организации, туку и истражувачи, активисти за граѓански права, библиотекари, воспитувачи, родители, студенти, накратко – секој од нас.**

Медиумскиот активизам најчесто го водеа граѓанските организации.[25] Во последните децении во САД, на пример, драстично се зголеми бројот на организации од јавен интерес и на активностите за креирање политики во областа на комуникацијата.[26] И не беа само левоориентираните граѓански организации ангажирани. На пример, еден голем судски спор поведен од верска заедница во САД, доведе не само до тоа еден радиодифузер со расистичка содржина да ја изгуби лиценцата, туку и да им се додели на граѓаните легално право да учествуваат во сите регулаторни постапки во врска со медиумскиот сектор.[27]

---

21 Во Црна Гора, на пример, медиумската писменост беше воведена како изборен предмет за учениците на возраст од 16 и 17 години од гимназиските средни училишта уште во 2009 година.

22 Видете, на пример, извештај на Al Jazeera на: https://www.aljazeera.com/news/2016/12/17/thousands-protest-new-media-restrictions-in-poland.

23 Видете ги, на пример, молбите во врска со сопственоста на медиумите поврзани со владата во извештајот на Euractive, на: https://www.euractiv.com/section/media/news/hungary-may-see-takeovers-of-last-free-media-experts-warn/.

24 За преглед на радиостаниците низ светот што се пример за партиципативна комуникација, види Dagron 2001. Видете ја и збирката уредена од Pajnik и Downing (2008) за она што се нарекува медиуми на граѓанското општество.

25 Ова на пример, наводно било случај во САД и во земјите од Третиот Свет.

26 Видете, на пример, Napoli 2007, сепак ограничен на преглед на литература напишана на англиски јазик што првенствено се однесува на САД. Видете исто така Rentschler 2004.

27 Во 1964 година, Обединетата Христова црква (UCC) ја оспори лиценцата за телевизиска станица на еден расистички радиодифузер од Мисисипи. Повеќе во Horowitz 1997.

Некои примери на медиумски активизам вклучија пошироко учество на граѓаните. Најспоменуван е случајот на една „грасрут“ кампања во САД во 2003 година, во која беа вклучени стотици илјади телефонски повици и потписи на петиции (или дури и до приближно два милиони лица, како што сугерираат други извори) за да се запрат измените на законот за сопственост на медиумите, што значеше олабавување на спречувањето на очигледна медиумска концентрација. Ваквата голема мобилизација го покажа разочарувањето на јавноста од пристапот на „слободен пазар“ кон медиумската политика и зголемената свест дека тој во голема мера е ограничен од корпоративните и од политичките интереси.[28]

Во текот на историјата, медиумскиот активизам беше проследен со многу тешкотии, вклучително и оние поврзани со недостиг на експертиза меѓу активистите во услови на големи и постојани технолошки напредоци,[29] тешкотии во мобилизирањето на граѓаните за каузи поврзани со медиумите и недостиг на капацитет за надминување на политичките и на комерцијалните интереси што влијаат врз медиумските политики и практики. Последователно, медиумскиот активизам во најголем дел не успеа да ги смени негативните трендови во новинарството и во медиумите во изминатите децении низ светот. Како што тврди Мекчесни, дури и најрадикалните предлози за реформи во САД едвај ја загрозија доминацијата на корпорациите во медиумскиот систем (2008). Слично на тоа, во Јужна Кореја, позитивните ефекти од медиумскиот активизам се сметаа за „мали отстапки во рамките на осмислувањето на неолибералните реформи во корист на медиумите и на корпорациите за ИКТ“ (Hadl и Dongwon, 2008, 99).

Сепак, медиумскиот активизам донесе некои неопходни позитивни (и запре многубројни негативни) промени во медиумските политики и практики, вклучително и севкупна демократизација на процесите на креирање политики што се однесуваат на комуникацијата, како и придонес во развојот на медиумскиот сектор во заедницата, повклучителна сфера на мејнстрим медиумите, зачувување на медиумите на јавниот сервис и програмски содржини, поставување стандарди за пристап до информации од јавен карактер и за медиумска транспарентност и многу други прашања. Згора на тоа, иницијативите за медиумски активизам покажаа дека постои голема сеопфатна подлога за медиумски реформи што вклучува не само медиумски професионалци и новинарски организации, туку и истражувачи, активисти за граѓански права, библиотекари30 воспитувачи, родители, ученици, со еден збор – секој од нас.

28 Види McChesney 2008, Hackett и Carroll 2004, Klinenberg 2007.

29 Види McChesney 2008.

30 За повеќе информации за тоа како библиотекарите се вклучиле во јавна дискусија за прашања што се однесуваат на медиумите во САД, видете Kranich 2004.

# III.
# МАПИРАЊЕ ДОБРИ ПРИМЕРИ НА МЕДИУМСКИ АКТИВИЗАМ

Во ова поглавје имаме за цел да ги мапираме добрите примери на медиумскиот активизам. Обемната листа на такви примери би отишла многу подалеку од опсегот и од ресурсите на овој проект. Наместо тоа, имаме цел да претставиме случаи на медиумски активизам што се примери за различни теми и различни видови медиумски активизам, а истовремено ја одразуваат различноста во однос на географскиот локус и социо-политичките контексти. Секој поднаслов претставува засебен утврден вид медиумски активизам.

**Алтернативните платформи обезбедуваат безбеден и независен простор за спротивставување на политиките и за контранаративи. Овие платформи зависат од заедничката работа на граѓанските новинари, и притоа е можно (но и не мора) да има некаква форма на уредување на содржината.**

## 3.1. АЛТЕРНАТИВНИ ПЛАТФОРМИ

Алтернативните платформи за медиумски активизам обезбедуваат содржини создадени или од граѓани или од професионални новинари. Алтернативните новинарски платформи ги вклучуваат оние што функционираат како платформи независни од мешање на владата или на корпорациите, при што работат главно на непрофитна основа, служејќи им на одредени заедници или обезбедувајќи истражувачко новинарство. Овие функции често се преклопуваат бидејќи и медиумите во заедницата и платформите за истражувачко новинарство начелно се оние што истовремено се и најнезависни и вклучуваат теми и ставови занемарени во главните медиуми. Сметаме дека сите овие платформи претставуваат еден вид медиумски активизам, бидејќи тие на различни начини обезбедуваат алтернатива на доминантните „мејнстрим“ медиумски содржини и придонесуваат за плурализмот на јавната дебата. Овие платформи во голема мера се финансирани од развојни фондови и

од меѓународни донатори, но и од заедниците на кои им служат. Некои од нив исто така делумно се одржуваат преку доброволно ангажирање на граѓаните.

### 3.1.1. Платформи за алтернативни содржини и/или алтернативни интернет-услуги

Во авторитарните општества, но и во контекст на доминантната неолиберална идеологија, алтернативните платформи обезбедуваат безбеден и независен простор за политичка субверзија и контранаративи. Овие платформи зависат од степенот на соработка на граѓанските новинари, при што може, но и не мора да постои некаков облик на уредување на содржината. Многу од овие платформи, какви што се Indymedia или Mosireen, се зголемија за време на граѓанските протести и на социјалните немири. Мнозинството се потпираа на партиципативното изготвување содржини. Во оваа категорија вклучуваме и блогови што даваат една уникатна перспектива на теми од јавен интерес (Видете табела 1 за некои примери).

Табела 1: **ПРИМЕРИ ЗА АЛТЕРНАТИВНИ ПЛАТФОРМИ**

| Име | Тематска област | Вид платформа/ проект | Клучни организатори | Опсег | Географско седиште | Времетраење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Global voices | Медиумски плурализам, дигитално учество | Известување за недоволно застапена група | На почетокот Универзитетот Харвард, а од 2008 г. -Организација Stichting Global Voices | Меѓународен | Масачусетс, САД<br>Холандија | 2004 – 2008 г.<br>2008 г. – денес |
| Indymedia | Независни вести, медиумски плурализам, дигитално учество, граѓанско новинарство | Меѓународна интернет-платформа за алтернативни вести | Независен медиумски центар во Сиетл, слични организации низ целиот свет | Меѓународен | Сиетл, Соединети Американски Држави | 1999 – 2019 г. |
| Jinbonet | Слобода на изразување, граѓанско новинарство, дигитално учество | Независен давател на интернет-услуги (веб-пошта, веб-хостинг, онлајн заедници, блогови) за социјални движења, за работнички синдикати и за прогресивни активисти | Непрофитна организација Корејска прогресивна мрежа (Jinbonet) | Национален | Јужна Кореја | 1998 г. – денес |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Mosireen | Независни вести, политички плурализам, граѓанско новинарство | Документирање и објавување фотографии и видеа за револуцијата во Египет во 2011 г. | Граѓански новинари | Национален | Египет | 2011 – 2018 г. |
| Blog "In Media Res" (Boris Vezjak) | Медиуми и демократија, медиуми и општество | неделно (или плус) блогови/колумни на медиумите и демократијата, дистрибуција на електронска пошта; преобјавување од Неделен магазин Младина, веб-страница | Универзитетски професор Борис Везјак | Национален | Словенија | 2008 г. – денес |
| Sbunker blog | Независни вести, критичко размислување | Блог што нуди содржини на недоволно застапени теми / перспективи | Невладина организација Sbunker | Национален | Косово | 2017 г. – денес |

**Истакнат пример: СЛУЧАЈОТ СО INDYMEDIA** (САД и +)
Indymedia првично нудеше содржини за протестите против состанокот на Светската трговска организација во Сиетл во ноември 1999 година, но набрзо стана референтна точка за платформата што ја управуваа корисници и демонстранти. Произлезе од една коалиција на групи за социјална правда, анархистички, комунистички, социјалистички и економски групи, синдикати, со малоброен кадар што редовно ги објавуваше содржините. Во 2000-тата им се придружија групи од целиот свет (во 2014 година имаше 175 групи низ светот (Girauld, 2014))[31] со претежно социјалистичка до радикална антикапиталистичка наклоност. Indymedia дозволи секој да објавува содржини, но во 2000-тите еден уникатен облик на контрола од уредувачката група подоцна доведе до отстранување на содржините што беа оценети како лажни, клеветнички или несоодветни, а кои се најдоа на посебна страница со наслов „скриени приказни" (Atton 2010, 8). Indymedia го постигна она што не го постигнаа првите онлајн платформи на социјални движења, односно достигнување голем глобален досег и обезбедување одржливост во период од околу 20 години. Стратегијата што се покажа како успешна подразбира инволвирање многубројни локални групи, проширување на агендата на протестите и меѓународно вмрежување. Сепак, Indymedia и некои слични платформи на крајот згаснаа со подемот на комерцијалните компании за социјални медиуми. Некои радикални партиципативни онлајн сајтови сè уште постојат, но нивниот опсег е повеќе локален.[32]

31 Мнозинството од нив беа од САД и од Европа, додека беа вклучени и другите региони, но во помала мера (Atton 2010, 8).

32 Пример е Unicorn Riot во САД, познат по директен пренос на протести и на антирасистички ставови.

### 3.1.2. **Медиуми на заедницата**

Во оваа категорија ги вклучуваме медиумите што известуваат за недоволно застапени заедници, како, на пример, одредени општини, студентски групи, синдикати, заедници врз основа на етнички, родов или друг идентитет. Медиумите на заедницата исто така вклучуваат членови на овие заедници во изготвувањето содржини и во управувањето. Постојат различни сфаќања за тоа што се медиумите на заедницата, но овде нив ги сметаме за медиуми со јасна мисија водена од заедницата и од јавниот интерес, главно заснована на непрофитен финансиски модел. Ваквиот модел начелно треба да донесе одредена изолација од комерцијалниот и од особениот политички интерес, што дава можност за понезависни и поприврлечни содржини.

Табела 2: **ПРИМЕРИ НА МЕДИУМИ НА ЗАЕДНИЦАТА**

| Име | Тематска област | Вид платформа/ проект | Клучни организатори | Опсег | Географско седиште | Времетраење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Radio Orange | Независна содржина со фокус на заедницата | Радиостаница и повремено застапување за медиумска политика за поддршка на непрофитни медиуми | Кадар од десетина лица и граѓани волонтери | Локален и национален | Виена, Австрија | 1998 г. – денес (регистрирано, пред тоа пиратско радио) |
| Telestreet | Независни вести | Мрежа на микро ТВ-станици | Локални заедници | Национален | Италија | 2002 г. – денес |
| Network of miners' radio stations | Независни вести, политички плурализам и плурализам во однос на групите застапени во медиумите | Комуникациска платформа за рудари | Синдикати за рудари | Национален | Боливија | 1949 – 1985 г. + |
| Contre attaque (претходно Nantes Révoltée) | Независни вести, алтернативни, активистички медиуми | Веб-страница што нуди анализи и написи со силен левичарски уреднички став и критика на владата | Нема податок | Главно национален, иако достапен за пошироката публика и известување за меѓународни прашања | Нант, Франција | 2012 – 2022 г. како Nantes Révoltée; 2022 г. – денес како Contre attaque |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Radio Huayaco-cotla | Медиумски плурализам, локални вести, зачувување на културата | Служење на домородните заедници и промовирање на зачувувањето на културата и на локалниот развој | Сопственост на граѓанската организација Fomento Cultural y Educativo, A.C. | Регионален, во рамките на Мексико | Мексико | 1965 г. – денес |
| Community Media Forum Europe | Медиуми во заедницата во Европа | Платформа за мрежи, национални федерации и активни проекти во медиумскиот сектор на заедницата во Европа | Медиумите на заедницата и нивните национални асоцијации во Европа, вклучително и од Германија, Австрија, Франција, Данска, Словенија итн. 98 членови од 25 европски земји | Европа | Канцеларија во Брисел | 2004 г. – денес |
| Radio Študent | Независно, алтернативно известување и дебати, алтернативна култура, музички поткултури, општествени движења, етнички малцинства | Студентско радио и веб-страница | Студенти на Универзитетот во Љубљана (формален основач: Студентска организација на Универзитетот во Љубљана) | Поширокото подрачје на Љубљана | Љубљана, Словенија | 1969 г. – денес |

Додека медиумите на заедницата во голема мера често се финансирани од нивната публика, други извори на средства може да вклучуваат филантропски донации, финансирање од меѓународни развојни агенции, до одреден степен од реклами (иако тоа обично е ограничено со закон), па дури и од влади. Заедницата на која ѝ служат медиумите може да поседува различно ниво на сопственост над одреден медиум во заедницата. Мрежата на рударски радиостаници во Боливија е еден од најраните примери на високо ниво на сопственост на заедницата, бидејќи е осмислена, воспоставена, управувана, финансирана и одржувана од нивната заедница (Dagron, 2008, 16).[33]

Историски гледано, медиумите на заедницата играа важна улога во задоволувањето на комуникациските потреби на јавноста, со постојано известување за заедниците и за проблемите запоставени

33 За преглед на радиостаниците низ светот што се пример за партиципативна комуникација, види Dagron, 2001. Исто така, видете ја збирката уредена од Pajnik и Downing (2008) на она што се нарекува медиуми на граѓанското општество.

во комерцијалните и во јавните медиуми. Еден од раните примери е радиомрежата Пацифика во САД, која промовираше пацифистичка идеологија во средината на Втората светска војна, а подоцна и телевизиската серија „Предизвик за промена“ во Канада што во 1967 година го демократизираше процесот на изготвување содржини преку приближување на темите на документарните филмови до филмските работници. Во Западна и во Централна Европа, првите медиуми што изготвуваа содржини од/за заедницата беа основани во 60-тите и 70-тите години, и иако во голема мера се сметаа како пиратски медиуми, нивната историја беше обележана со борба за легализација и, од неодамна, со барања за континуирана финансиска поддршка од јавните фондови. Едно мапирање од коалицијата CMFE и од Европската платформа на регулаторни тела од 2012 година покажа дека низ цела Европа се активни вкупно 2237 радиостаници на заедницата и 521 телевизиски станици на заедницата.[34] На пример, интернет-платформата на швајцарскиот Црвен крст https://www.migesplus.ch/ наведува 38 медиуми за мигранти во Швајцарија, т.е. јавни гласила што комуницираат на јазиците на мигрантите и за луѓе со мигрантско потекло.

**Историски гледано, медиумите на заедницата одиграа важна улога со постојаното известување за заедниците и за прашањата што се запоставени во комерцијалните и во јавните медиуми.**

Во регионот на Југоисточна Европа, медиумскиот сектор на заедницата е сè уште недоволно развиен, но многу медиуми што се управувани од граѓански организации и што се финансирани од меѓународна донаторска заедница, функционираат како медиуми на заедницата, дотолку што покриваат прашања од јавен интерес релевантни за локалните заедници што се запоставени на други места.[35] Еден од исклучоците е Радио Студент во Љубљана, Словенија, како еден од најстарите медиуми на заедницата во Европа, основан во 1969 година, во контекст на студентските протести, кој продолжува да нуди некомерцијална програма и да им дава глас на студентите и на недоволно застапените групи во Словенија.[36]

Многубројни национални и меѓународни асоцијации на медиумите на заедницата какви што се Здружението за медиуми на заедницата (ВБ), Алијансата на Телевизијата на заедницата Австрија, Заедницата за радиофорум Европа и Светската асоцијација на радиодифузери на заедницата обезбедуваат поддршка и лобираат за подобра рамка на политиките за медиумите во заедницата.

**Истакнат пример: СЛУЧАЈОТ СО TELESTREET** (Италија)
Telestreet е пример на мрежа на локални групи што нудат алтернативни вести за граѓаните. Telestreet беше движење родено во италијанските метрополи, прво преку ТВ-станицата Орфео што емитуваше програми неколку часови дневно во домет од 200 метри. Основано е од

34 Информации обезбедени од CMFE, на: https://www.cmfe.eu/about.

35 Леданац, на пример, ги споменува Форумот на жени Пријепоље, веб-страницата Бука Бањалука и Крик Србија како примери за такви медиуми на граѓански општества (2016, 136-139), но ги има многу повеќе.

36 Повеќе на веб-страната на Радио Студент на: https://radiostudent.si/info.

медиумскиот теоретичар и активист Франко „Бифо“ Берарди. Подоцна движењето се прошири за да вклучи речиси сто мини ТВ-станици низ Италија. Овие пиратски микро-радиодифузери со многу ограничен домет почнале да работат како реакција на контролата на тогашниот премиер Берлускони врз медиумите во земјата. Тие технички се поддржуваат едни со други и споделуваат веб-архива на радиодифузни материјали, со што се зголемува нивната национална покриеност и се обезбедува одржлива инфраструктура, и покрај лошите економски и технички ресурси (Renzi 2011, 36).

### 3.1.3. **Независни медиуми**

Она што го почна Џералд Хенсен, управител во една рекламна компанија, во 2016-2017 година беше инспиративен пример за тоа како едно лице може да поттикне клучни дебати што водат до важни промени. Хаштагот #KeinGeldFürRechts ги повика огласувачите да престанат да објавуваат реклами на десничарските веб-страници што шират дезинформации. Некои извори сугерираат дека веб-локациите на десницата на кои целел Хенсен, пријавиле пад на приходите веднаш откако твитот станал вирален (видете ја објавата на Институтот Гете). Згора на тоа, дискусијата што следуваше, ги повика некои од големите компании во САД да објават дека во 2017 година ќе го напуштат програмското рекламирање на Јутјуб, бидејќи оваа платформа не може да гарантира дека рекламните видеа што се пуштаат автоматски, не прикажуваат расистичка, сексуална или друга неетичка видеосодржина. Концептите какви што се црните и белите листи на рекламни средини и механизмите за контрола, какви што се прегледи на емитувањата, некое време беа дискутирани и имплементирани како контрамерки, под фразата „Безбедност и соодветност на брендот“ (Baumgarth во 2021, 19).

Во Словенија, **Домен Савич и неговата невладина организација Institute Citizen D** со години водат слична кампања, како и мониторинг на рекламирањето на јавните тела и компании во медиумите што вклучуваат говор, поткаст и кампања во медиумите со содржини на омраза. Кампањата влијаеше врз парламентарните дискусии за прашањата за коруптивно објавување огласи од јавните претпријатија.

### 3.2.7. **Проверка на факти**

Платформите за проверка на факти, вклучително и оние што функционираат низ регионот на Југоисточна Европа,[45] придонесуваат за видливоста на проблемот со дезинформациите, за унапредување на точноста во медиумската и во јавната комуникација и за медиумската писменост на граѓаните. Овие платформи исто така претставуваат вмрежување што овозможува следење на моделите на прекугранично ширење лажни вести. Нивната работа придонесува за градење отпорност на јавноста на дезинформации.

Табела 12: **ПРИМЕРИ НА ПЛАТФОРМИ ЗА ПРОВЕРКА НА ФАКТИ**

| **Име** | **Тематска област** | **Вид платформа /проект** | **Клучни организатори** | **Опсег** | **Географско седиште** | **Времетраење** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| The Digital Forensic Centre | Медиумска одговорност, проверка на факти | Вклучување во проверка на фактите | Атлантскиот совет | Национален | Црна Гора | 2020 г. – денес |
| Fake News Tragač (трачер) | Медиумска одговорност, лажно медиумско известување | Мониторинг на медиумското известување и известување за содржини што вклучуваат дезинформации и пропаганда | Нови Сад Школа за новинарство | Национален | Србија | 2017 г. – денес |
| Raskrinkavanje.me | Медиумска одговорност, проверка на факти | Вклучување во проверка на фактите | Центар за демократска транзиција | Национален | Црна Гора | 2018 – 2023 г. (во тек) |
| Faktoje | Проверка на факти, транспарентност на владините институции | Вклучување во проверка на фактите | Faktoje | Национален | Албанија | 2018 г. – денес |
| Raskrinkavanje | Борба против дезинформации, пропаганда и погрешни информации, проверка на факти | Платформа за проверка на факти | Невладина организација Zasto ne | Национален | Сараево, БиХ | 2017 г. – денес |

Овие веб-страници сè повеќе се посетувани од јавноста, додека нивните извештаи се пренесуваат и на главните медиуми.

45 Вклучувајќи ги платформите: Raskrinkavanje.ba (БиХ), Raskrinkavanje.me (Црна Гора), Faktograf.hr (Хрватска), Raskrikavanje.rs (Србија), FakeNews Tragač (Србија), Razkrinkavanje.si (Словенија) и F2N2.mk (МК).

**Истакнат пример:** **СЛУЧАЈОТ СО ПЛАТФОРМАТА RASKRINKAVANJE** (BiH) Платформата за проверка на факти Raskrinkavanje е основана од здружението на граѓани „Zašto ne“ во 2017 година. Тоа е платформа што, врз основа на поплаките на читателите и на виралноста, проверува дали онлајн медиумите и социјалните мрежи содржат проблематични медиумски содржини, вклучувајќи дезинформации и лажни вести. Во 2020 година платформата се приклучи кон партнерство со Фејсбук (Програма за проверка на факти од трета страна)[46], при што откако проверувачите на факти ќе означат лажна содржина, Фејсбук става знаменце на спорната содржина, го намалува емитувањето на овие објави и за тоа ги известува оние што ја шират содржината. На овој начин се намалуваат проблематичните содржини како и достапноста на оние што шират дезинформации, вклучително и нивниот профит. Доколку објавата биде коригирана, Фејсбук ги повлекува санкциите.

46 За повеќе информации видете: https://www.facebook.com/formedia/mjp/programs/third-party-fact-checking

### 3.2.8. **Активизам за медиумска одговорност**

Медиумскиот активизам вклучува и дискусија за поголема одговорност за содржините што ги објавуваат медиумите и неновинарските онлајн платформи. Ваквиот активизам вклучува следење и откривање штетни медиумски содржини и поддршка за подобро (само)регулирање.

Табела 13: **ПРИМЕРИ НА АКТИВИЗАМ ЗА МЕДИУМСКА ОДГОВОРНОСТ**

| Име | Тематска област | Вид платформа /проект | Клучни организатори | Опсег | Географско седиште | Времетраење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Hacked Off | Медиумска слобода, медиумска одговорност | Кампања за реформа на регулативата за печатот, вклучувајќи казнени овластувања, арбитража и истакнати повлекувања и извинувања | Главниот тим вклучува девет новинари, адвокати, академици како и жртва на хакирање телефон | Национален | Лондон, Обединето Кралство | 2011 г. – денес |
| FAIR | Медиумска одговорност, независно известување и сродни прашања | Испитување на медиумските практики што го маргинализираат јавниот интерес, со разоткривање занемарени приказни и повеќе | Невладина организација Fairness and accuracy, клучниот кадар е составен од новинари и од академици | Национален | Њујорк, САД | 1986 г. – денес |
| Hate speech media watch | Говор на омраза, медиумска одговорност | Спроведување и поддршка на студии | Hrant Dink Фондација (Asulis проект) | Национален | Турција | 2009 г. – денес |
| Mapping hate | Медиумска одговорност, говор на омраза, дискриминаторски говор, негирање геноцид | База на податоци | BIRN БиХ | Национален | Сараево БиХ | 2021 г. – денес |

**Истакнат пример: СЛУЧАЈОТ СО HACKED OFF** (Обединето Кралство)
Hack off е кампања што бара регулирање на печатениот медиумскиот сектор во Обединетото Кралство. Основана е како реакција на хакерскиот скандал во Обединетото Кралство објавен во 2011 година, кога беше откриено дека вработените во (сега веќе непостојната редакција) *News of the World* и во други британски весници во сопственост на Руперт Мардок, се занимавале со хакирање телефони, полициско поткупување и несоодветно влијание во потрагата по приказни.[47]

47 Иако овде не се согласуваме дека регулацијата на секторот за печат е нужно најдобрата рамка, го спомнуваме Hacked off само како еден од примерите на застапување за медиумска одговорност и (само)регулација

### 3.2.9. Други иницијативи за мониторинг и надзор на медиумите

Медиумскиот активизам вклучува и надзор и мониторинг на медиумскиот и на комуникацискиот сектор, фокусирајќи се на следење на содржината (вклучувајќи го говорот на омраза и дезинформации), следење на медиумското опкружување, вклучувајќи и финансирање и сопственост на медиумите итн. Во табела 14 наведуваме некои примери на проекти и кампањи за набљудување над медиумите.

Табела 14: **ПРИМЕРИ НА ИНИЦИЈАТИВИ ЗА МОНИТОРИНГ И НАБЉУДУВАЊЕ**

| Име | Тематска област | Вид платформа/ проект | Клучни организатори | Опсег | Географско седиште | Времетраење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Mérték media monitoring | Медиумска слобода, медиумска регулација, медиумски пазар, медиумска содржина | Анализи за различни прашања поврзани со медиумите (на пример, владино финансирање, независност на медиумските регулатори итн.) | Шест експерти плус друг кадар и надворешни соработници | Национален, но некои анализи се однесуваат на Централна Европа и пошироко | Унгарија | 2011 г. – денес |
| Real 411 | Борба против дезинформации, говор на омраза, поттикнување криминал и вознемирување | Мониторинг и анализа на истражувања, 2) Застапување, судење и лобирање, 3) Ангажираност на заедницата и на публиката, 4) Градење вештини за медиумите и за јавноста | Невладина организација за мониторинг на медиумите во Африка (MMA) и африкански национален форум на уредници (SANEF) | Регионален | Јоханесбург, Јужна Африка | 2019 г. – денес |
| Media.ba | Медиумска одговорност, медиумска независност, квалитетно новинарство | Веб-страница што обезбедува вести, анализи, истражувања и едукативен материјал за медиумите и за комуникацијата во БиХ и пошироко | Mediacentar Сараево | Национален | Сараево БиХ | 1995 г. – денес |
| BIA Media monitoring reports | Медиумска слобода, медиумска одговорност | Спроведување мониторинг и објавување годишни и квартални извештаи | Фондација за комуникација IPS/Bianet (Erol Önderoğlu) | Национален (т.е. локален, регионален и национален) | Турција | 2001 г. – денес |

**Истакнат пример: ИЗВЕШТАИ НА BIA ЗА МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМИТЕ ОД IPS COMMUNICATION FOUNDATION** (Турција)
Кварталните и годишните извештаи за мониторинг на BIA даваат важен приказ за прекршувањето на слободата на медиумите во Турција, вклучувајќи произволно гонење по обвинение за кршење на турскиот Кривичен законик и Законот за антитероризам, затворски казни, административни парични казни, физичко насилство од страна на безбедносните сили, обвинети за „членство во терористичка организација“, сослушувања, законски измени, национални и меѓународни кампањи и извештаи. Известувањето и собирањето податоци го врши Ерол Ондероглу, претставник на Репортери без граници (RSF). За изготвување на извештаите, тој ги следи вестите, контактира со невладини организации, адвокати, новинарски организации и весници. Овие извештаи наскоро ќе бидат споделени преку базата на податоци за мониторинг на медиумите, како достапен и лесен извор на информации за новинари, академици, адвокати, активисти, за меѓународната заедница и за пошироката јавност. Извештаите на IPS Media Monitoring се важен извор на информации за меѓународните, за меѓувладините и за националните организации што вршат притисок врз властите да реагираат на правните дејства против новинари, писатели, издавачи и академици.

**Медиумскиот активизам вклучува напори за градење капацитети кои можат да ги подобрат капацитетите на новинарството од јавен интерес, следењето и застапувањето за јавен интерес во медиумскиот и во комуникацискиот сектор.**

## 3.3. ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ НА МЕДИУМИ, НОВИНАРИ И ГРАЃАНИ

За крај, медиумскиот активизам прави напори за градење капацитети што можат да го зајакнат новинарството од јавен интерес, мониторингот и застапувањето на јавниот интерес во медиумскиот и комуникацискиот сектор. Примери за горенаведеното се наведени во табелите 15 и 16.

Табела 15: **ПРИМЕРИ НА ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА НОВИНАРИТЕ И ЗА МЕДИУМИТЕ**

| Име | Тематска област | Вид платформа/ проект | Клучни организатори | Опсег | Географско седиште | Времетраење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Digital security workshops | Медиумска писменост, дигитална безбедност, пристап до информации | Работилница за бранители на човекови права, новинари и активисти | Тајландска мрежа Netizen | Национален | Тајланд | 2008 г. (основана) – денес |
| Slobodni glasovi (Free voices) | Новинарско образование | Програма за практика на новинари | Mediacentar Сараево | Национален | Сараево, БиХ | 2016 г. – денес |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Female journalists against violence against women | Квалитет на медиумите, известување за жени изложени на насилство | Зголемување на сензибилитетот кај новинарите | УНДП и Фонд В92 | Национален | Србија | 2017 г. – денес |

Табела 16: **ПРИМЕРИ НА ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ГРАЃАНИТЕ (ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И АКТИВИЗАМ)**

| Име | Тематска област | Вид платформа/ проект | Клучни организатори | Опсег | Географско седиште | Времетраење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Media literacy education | Медиумска писменост | Иницијатива за воведување медиумска и информациска писменост во наставните програми за формално образование | Албански институт за медиуми во партнерство со Министерството за образование и со јавни и приватни факултети | Национален | Албанија | 2020 – 2024 г. (во прогрес) |
| Youth literacy camps | Медиумска и информатичка писменост | Едукативни кампови | Mediacentar Сараево | Национален | Сараево, БиХ | 2018 г. – денес |
| Media literacy education | Образование за медиумска писменост | Креирање практики за медиумска писменост, истражувачки активности, квизови за медиумска писменост, панели | Школа за новинарство Нови Сад | Национален | Србија | 2006 г. – денес |
| Media literacy education Проект на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“ | Образование за медиумска писменост | Соработка помеѓу владиниот и невладиниот сектор, со цел воведување медиумска писменост во образованието | IREX, Македонски институт за медиуми, Институт за комуникациски студии и Младински образовен форум во соработка со Министерството за образование и наука и со Бирото за развој на образованието, а со поддршка од УСАИД | Национален | Северна Македонија | 2021 – 2025 г. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Young Reporters project | Образование за медиумска писменост, Обука за новинарство, проверка на факти | MIL едукација за млади, обезбедување медиумско искуство, ангажирање во проверка на факти | УНИЦЕФ Црна Гора<br><br>УНИЦЕФ, Институт за албански медиуми, Faktoje, ACQJ, Citizens Channel, проект Global Voices | Национален | Црна Гора/ Албанија | 2018 г. – денес<br>2000 г. – денес (често повторуван проект) |
| Media literacy education | Образование за медиумска писменост | Иницијатива за воведување MIL во наставните програми за формално образование | Црна Гора Институт за медиуми | Национален | Црна Гора | 2019 г. – денес |

**Истакнат пример: ВОВЕДУВАЊЕ ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ** (Црна Гора и пошироко)

Образовниот систем во Црна Гора ја вклучува медиумската писменост како изборен предмет во гимназиите (гимназијалците сочинуваат само 30% од вкупниот број средношколци во земјата), но не и во стручните и во основните училишта. Затоа Црногорскиот институт за медиуми, заедно со експерти за медиумска писменост и други партнери од граѓанското општество и училиштата, веќе неколку години се залага за воведување медиумска писменост во сите училишта. По интензивната кампања на граѓанското општество од 2018 до 2022 година, официјалните податоци на Министерството за образование покажуваат зголемен интерес на средношколците за медиумска и информациска писменост, на радост на наставниците во формалното и во неформалното образование во оваа област. Во 2022 година властите одлучија да го воведат образованието за медиумска писменост како изборен предмет за учениците во сите основни училишта во Црна Гора. Исто така, студентите ќе можат да го изучуваат овој предмет врз основа на образовната програма подготвена од Црногорскиот институт за медиуми и надворешни експерти во 2023 година. Бирото за образование, Агенцијата за електронски медиуми и Црногорскиот институт за медиуми почнаа кампања за промоција на овој предмет и едукација на наставниците во основните училишта. Тоа е една од најуспешните иницијативи на Црногорскиот институт за медиуми, негови партнери од државни институции и експерти за медиумска писменост. Ова е пример за синергијата на заемната иницијатива на државните институции, на граѓанските организации и на експертите за медиумска писменост.

Слични иницијативи се во тек и во Албанија, во Северна Македонија и во Србија, што укажува дека постои значителна политичка волја во регионот да се работи на ова конкретно прашање. Би било препорачливо да има размена на искуства поврзани со овие иницијативи во рамките на Југоисточна Европа.

## 3.4. МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, МРЕЖИ И ДОНАТОРСКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА СЛОБОДА И РАЗВОЈ НА МЕДИУМИТЕ

На крајот, треба да ги спомeнеме и **меѓународните организации и мрежи за развој на медиумите и за заштита на новинарите**, какви што се Комитетот за заштита на новинарите, Репортери без граници, Глобалната мрежа на национални организации за развој на медиуми (GFMD) и IFEX[48] кои претставуваат посебна рамка за континуиран медиумски активизам, и како мрежи и како поединечни нивни членови.[49] Преку глобални медиумски кампањи, тие ги користат своите капацитети и влијание за да предупредуваат за репресијата и за насилството врз новинарите и врз медиумите, како и директно да соработуваат со владите и да бараат слобода за новинарите. Организациите за развој на медиуми исто така обезбедуваат поддршка за независните медиуми, вклучително и преку финансирање, развивање модели на финансирање, поддршка на развојот на медиумите на јавниот сервис, лобирање за подобро финансирање и политики во врска со новинарството, обезбедување здружена соработка и обуки.

Исто така постојат и **меѓународни фондови**, какви што се Меѓународниот фонд за развој на медиуми (IMDF), Меѓународниот фонд за новинари и други фондови посветени на развојот на медиумите и на одржувањето на медиумскиот активизам. Основањето на *Меѓународен фонд за медиуми од јавен интерес* во 2021 година од страна на владините оддели и агенции на САД и други земји (Данска, Швајцарија, Шведска, Тајван, Нов Зеланд, Естонија итн.) заедно со приватните финансиски донатори (Гугл, Фондацијата „Форд“, Филантропите на Крег Њумарк итн.) беше втемелено на препознавање на потребата за долгорочна и посуштинска медиумска помош, особено во услови на непријателска политичка клима и на ограничена поддршка од јавноста.[50]

---

48 Покрај вообичаените соопштенија за печат и застапување, RSF во изведените активности користеше акробации, како, на пример, нарушување на претставувањето на Олимпискиот факел во 2008 година со истакнување транспарент со меѓусебно поврзани лисици како замена за олимписките прстени.

49 Сепак, мапирањето на организациите за развој на медиуми би било надвор од опсегот на овој извештај

50 Засега не е јасно дали Фондот ќе привлече повеќе средства за медиумите како што беше намерата, или, пак, само ќе ги пренасочи постојните средства, но првичните податоци покажуваат дека Фондот собрал само половина од проценетите 100 милиони долари потребни за да се постигне одржливост (Simon 2023, 28).

# IV.

# ЗАВРШНА ДИСКУСИЈА

Медиумскиот активизам дава извонредни резултати, почнувајќи со спречување на донесување ретроградни закони за медиуми, спроведување на законот против корумпираните лица на власт, сè до истражување и информирање на јавноста за прашања од јавен интерес за медиумите и за комуникацијата, оспособување на медиумите и на новинарите за одбрана и одржливост на новинарството од јавен интерес, оспособување на граѓаните за медиумска писменост, отпорност на штетни медиумски практики и за барање слобода и одговорност на медиумите, како и застапување за медиумски реформи, односно промени во медиумските политики и практики. Уште повеќе, самото постоење медиумски активисти е успех само по себе бидејќи тоа ги застапува потребните алтернативни гласови во јавната дебата за нашите медиуми, пркосејќи му на растечкото заробување на медиумите од политичките и/или од економските носители на моќта.

Врз основа на мапирањето на случаите на медиумски активизам, предлагаме нивна типологија, чија цел е информираност на идните иницијативи за медиумски активизам и медиумска писменост во и надвор од регионалниот проект „Нашите медиуми“.

Табела 17: **ВИДОВИ МЕДИУМСКИ АКТИВИЗАМ**

| |
|---|
| **Алтернативни платформи**, кои обезбедуваат релевантни содржини што не се доволно застапени<br>а. Платформи за граѓанско новинарство<br>б. Блогови (вклучително и блогови за медиуми и комуникација, како и блогови за други непријавени прашања што се од значење на јавноста)<br>в. Медиуми на заедницата<br>г. Независни медиуми<br>д. Истражувачки новинарски проекти, центри и регионални/меѓународни мрежи<br>ѓ. Иницијативи за поддршка на алтернативни платформи (собирање финансиски средства, логистичка и друга поддршка) |
| **Алтернативни платформи што обезбедуваат интернет-услуги**<br>Веб-хостинг, веб-пошта, онлајн платформа на заедницата, блог-услуги (хостирање и складирање на податоците на блогот) |
| **Истражување, кампањи и застапување за медиумски реформи**<br>а. Коалиции за медиумски реформи<br>б. Иницијативи за широк спектар медиумски реформи<br>в. Реакции на назадувачките политички предлози и барање прогресивни промени во политиките<br>г. Медиумски активизам поврзан со регулативата: мониторинг, правна поддршка и застапување, со цел спречување злоупотреба на законите<br>д. Медиумски активизам на родова основа (вклучително и застапеност на жените и на ЛГБТИК-заедницата во комуникацијата и во прашањата за пристап до медиуми и технологии)<br>ѓ. Активизам за етичко рекламирање и скратување на средствата на неетички медиумски практики<br>е. Проверка на факти<br>ж. Активизам за зајакнување на медиумската одговорност<br>з. Други иницијативи за мониторинг и набљудување на медиумите (вклучувајќи мониторинг на слободата на изразување, мониторинг на медиумска содржина, рекламирање итн.) |
| **Градење капацитети**<br>а. Иницијативи насочени кон градење капацитети на медиумите и на новинарите (обуки, студиски посети, техничка и логистичка поддршка итн.)<br>b. Иницијативи насочени кон градење капацитети на граѓаните (обука за медиумска и информатичка писменост, проверка на факти, следење штетни медиумски практики итн.) |

Во земјите во кои се спроведува проектот "Нашите медими" („Our Media“), иницијативите за медиумски активизам се главно предводени од невладини организации и од новинарски синдикати, до одреден степен алтернативни медиуми и продуценти, научници и слични интересни групи. Затоа, иницијативите за медиумски активизам често зависат од финансирање поедини краткорочни проекти и институционални агенди. Сепак, многу од иницијативите за застапување на медиумската политика беа доброволни, вклучително и ад хок иницијативи, како реакција на ретроградните законски предлози, но исто така постојат и долгорочни иницијативи, какви што се коалициите за воведување медиумска писменост. Овие иницијативи ангажираат поединци како граѓански

**За да може медиумскиот активизам да биде препознаен во културната и во политичката сфера, тој треба да привлече различни граѓански групи, како што се родители, библиотекари, млади, итн. Идната мобилизација на граѓаните ќе зависи од способноста на медиумските активисти да ги комуницираат последиците од недемократските политики и практики во однос на прашањата кои им се важни на граѓаните.**

активисти, едукатори, новинари, истражувачи, но повремено добиваат и бесплатни услуги од адвокати, од агенции за креативни содржини што обезбедуваат бесплатни решенија за визуелен материјал и за слогани. Тие ангажираат и печатници што нудат бесплатно печатење постери и налепници со слогани на кампањата, потоа културни работници и уметници („артивизам“) какви што се глумци, сликари, музичари, но и даватели на услуги во културните индустрии што ја посветуваат својата уметност или ја нудат својата инфраструктура на кампањи за медиуми и за демократија.

**Медиумскиот активизам е важна алатка за спречување на понатамошното опаѓање на интегритетот на медиумите и на комуникацијата. Каде што е можно, медиумските активисти треба да ја дефинираат агендата и систематски да се залагаат за суштински подобрувања на медиумските политики и практики.**

Со цел медиумскиот активизам да добие поголема културна и политичка поддршка и застапеност, треба да привлече различни групи граѓани, какви што се родители, библиотекари, младинци итн. Идната граѓанска мобилизација ќе зависи од способноста на медиумските активисти да одговорат на секојдневните грижи на широките заедници и да ги соопштат последиците од недемократските политики и практики за прашањата што веќе се важни за граѓаните.[51] На пример, едно прашање што е важно за родителите, може да биде деструктивното влијание на комерцијалните медиуми врз социјализацијата на децата, а пример за прашање што ги загрижува библиотекарите и воспитувачите, може да биде отворениот пристап до информации.

Иницијативите за медиумско застапување честопати се соочуваат со силен отпор од мејнстрим медиумите што се заробени од корумпирани политички и економски интереси, како субјекти што имаат најголема корист од постојните медиумски политики и култура, што го спречува правичното и соодветно медиумско покривање на проблематиката и на активностите за застапување на медиумите. Новинарите и синдикатите имаат мала моќ за спротивставување и за соочување со интересите на нивните работодавци, бидејќи пазарите се мали и нудат ограничени можности за алтернативно вработување. Една од последните онлајн содржини објавени од Кампањата за слобода на печатот и на радиодифузијата (Велика Британија) од 2018 година сугерираше дека колективното организирање во практиката е ограничено, дури и во рамките на голема медиумска индустрија како онаа во Велика Британија. Синдикатите вклучени во Кампањата имаа милиони членови (во еден момент членството броело 4,4 милиони, како што е наведено на веб-страницата), но нивната поддршка беше ограничена, а: „Кампањата однадвор наместо однатре во медиумската индустрија ја намали способноста да се изврши директен притисок врз работодавците, како и индиректен притисок врз политичарите“ (веб-страница на CPBF).

Некои иницијативи за медиумски активизам добиваат на интензитет во регионот. Фактот дека постојат тековни иницијативи за воведување

51 Историски гледано, ангажманот на граѓаните во медиумскиот активизам е ограничен, освен во времињата на општествени превирања и промени, како и поради секојдневните животни оптоварувања и идејата дека прашањата за медиумите и за комуникацијата, се далечни на секојдневните грижи на граѓаните.

медиумска писменост во наставните програми за формално образование во четири земји од регионот (Србија, Црна Гора, Албанија, Северна Македонија), покажува дека постои раст на сензибилитетот на владините претставници како и зголемена политичка волја за справување со ова прашање, при што медиумските активисти треба да го искористат моментот за да извршат притисок за понатамошни промени.

**Успешните стратегии за реформи во медиумите вклучуваа промислени, големи коалиции (крос-коалиции), со цел е да се зголеми досегот и да се овозможи политичка ефективност.**

Другите видови акции имаат помала веројатност да добијат слична поддршка, бидејќи ги предизвикуваат доминантните интереси (на владините службеници, на клучните огласувачи и на комерцијалните гласила). Следствено, ваквите медиумски реформи ќе зависат од политичките пукнатини и можни влезни точки што би можеле да настанат како резултат на партиско-политички динамики и поделби, но и поради влијанието на општествените движења и иницијативи без фокус на медиумите.

И покрај тоа што реагираме на загрижувачките практики и иницијативи за политики што ги видовме низ целиот регион, медиумскиот активизам е важна алатка за спречување понатамошно ослабување на интегритетот на медиумите и на комуникацијата. Медиумските активисти треба да поставуваат агенда каде што е можно и систематски да се залагаат за суштински подобрувања на медиумските политики и практики. Ова може да вклучи учество во работни групи за подготовка на закони и други институционални процеси што се однесуваат на медиумите и на комуникацијата. На пример, Free Press стана редовен консултант во развојот на медиумските политики во САД.

Во однос на досегот и капацитетите, моќта на комуникациските платформи што ги отелотворуваат интересите на владите и на корпорациите останува неизмерно голема. Како што тврди Боб Хакет: „Реформите во медиумите веројатно нема да се постигнат без едно популарно движење посветено конкретно на оваа цел. Само постојаниот граѓански притисок веројатно ќе ги убеди владите да ја предизвикаат таа моќ и да го навлечат на себе гневот на медиумските конгломерати“. (2016)

**Иднината на медиумите е клучно политичко прашање и медиумските активисти треба да спроведуваат разни обиди и начини за мобилизација на поширокото граѓанство, во одбрана на јавниот интерес во медиумскиот и комуникацискиот сектор.**

Успешните стратегии за медиумски реформи подразбираа промислени, големи коалиции (вкрстени коалиции), насочени кон зголемување на досегот и кон овозможување делотворност врз политиките. Поврзаноста меѓу локалните, националните и меѓународните акции, како и меѓу нивоата на „грасрутинг“ и креирање политики, исто така веројатно ќе овозможат споделување на знаења и ресурси, ќе го засилат досегот и ќе остварат поголемо влијание. Од клучно значење е меѓународната соработка и координација на чинителите во медиумскиот активизам, бидејќи многу од прашањата поврзани со медиумскиот активизам се глобални и вклучуваат прашања од трговијата, економските регулаторни

политики и работата на технолошките гиганти и платформите за стриминг. Во прашањата што се однесуваат на особено штетна содржина, координацијата на активистите во земјите што споделуваат слична култура и јазик, веројатно ќе има поголемо влијание и ќе резултира со позитивни чекори во маргинализирањето на омразата и на дискриминаторскиот говор и дезинформациите.

Добрите практики на медиумски активизам претставуваат инспирација за можни идни активности, а земени заедно ја поттикнуваат идејата дека медиумскиот активизам може и треба да поприми многу различни облици и да се справи со различни прашања, со цел да постигне суштински реформи. Иднината на медиумите е клучно политичко прашање, при што медиумските активисти треба да воспостават различни обиди и модели за мобилизирање на поширокото граѓанство во одбрана на јавниот интерес во медиумскиот и комуникацискиот сектор. Едукацијата за медиумска и информациска писменост ќе мора да стане дел од стратегијата за граѓанска мобилизација, како средство за промовирање на интересот на граѓаните за медиумскиот сектор и за развивање вештини и стекнување знаења потребни за делотворна мобилизација.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ


Baumgarth, C., Kirkby, A., Lambrecht A. (2021). End of the AI Brand Winter: Artificial Intelligence in Brand Management. Berlin School of Economics and Law.

Carroll, W.K., Hackett, R.A. “Democratic Media Activism Through the Lense of Social Movement Theory. Media, Culture and Society (2006), 28(1), 83-104.

Carpentier, N. (2011). Media and participation: A site of ideological-democratic struggle. Intelect: Bristol.

Custòdio, L. 2017. Favela media activism : counterpublics for human rights in Brazil. Lexington Books, Lanham.

Dagron, A.G., 2001. Making Waves: Stories of participatory communication for social change. Rockefeller Foundation.

Dekić, S. 2013. Flash report Bosnia and Herzegovina. SEE Mediaobservatory, https://mediaobservatory.net/radar/flash-report-2-bosnia-and-herzegovina.

Duncan, K. (Ed.) 1999. Liberating alternatives: The founding convention of the Cultural Environment Movement. Cresskill, NJ: Hampton Press.

Fahey, P. M. (1991). Advocacy group boycotting of network television advertisers and its effects on programming content. University of Pennsylvania Law Review, 140, 647-709. https://scholarship.law.upenn.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=3685&context=penn_law_review [accessed on April 16, 2023]

Hackett, R. A. 2016. Taking back the media: notes on the potential for a communicative democracy movement. Media Alliance. Available at: https://media-alliance.org/2016/05/taking-back-the-media-notes-on-the-potential-for-a-communicative-democracy-movement-by-bob-Hackettt/ [accessed on April 16, 2023]

Hackett, R. A. & Carroll, W. K. 2006. Remaking media: The struggle to democratize public communication. New York: Routledge.

Hackett, R. A. & Carroll, W. K. (2004). Critical social movements and media reform (in Media Development, 4(1), 14-19), the open source version available at http://www.sfu.ca/~Hackettt/CriticalSocialMovements.htm.

Hadl, G. and Dongwon, J. 2008. New approaches to our media: General Challenges and the Korean case. In: Pajnik, M. and Downing, J. (eds). Alternative Media and the Politics of Resistance. Lublijana: The Peace Institute, p.81-109.

Hodzic, S and Petkovic, B. 2020. Sustainability of Independent Journalism in Media Business Environment of Western Balkans. TACSO.

Hoey, P. 2018) Shinners, Dissos and Dissenters: Irish Republican Media Activism Since the Good Friday Agreement. Manchester University Press.

Horwitz, R. B. 1997. Broadcast reform revisited: Reverend Everett C. Parker and the “Standing” case. Communications Review 2(3):311– 348.

Jakubowicz, K. 1990. “‘Solidarity’ and Media Reform in Poland”. European Journal of Communication, 5(23), 333–354.

Klinenberg, E. 2007. Fighting for Air: The Battle to Control Americas Media, Holt Paperbaks.

Kranich, N. 2004. Media, Democracy and Libraries: The Growth of Media Activism in the United States. Feliciter, 50(5), pp. 200-203.

McChesney, R.W. Understanding the Media Reform Movement. International Journal of Communication 3 (2009). https://ijoc.org/index.php/ijoc/article/download/442/299.

McChesney, R.W, The U.S. Media Movement: Going Forward. Monthly review,2008, Vol. 60 (04). https://monthlyreview.org/2008/09/01/the-u-s-media-reform-movement-going-forward/.

Menezes Teixeira, A. C. E. 2020. Grassroots media activism and the counter-hegemonic narrative of politics, Ephemera 20 (1), 147–175.

Mueller, M, Kuerbis, B., Pagé, Ch. 2004). Reinventing Media Activism: Public Interest Advocacy in the Making of U.S. Communication- Information Policy, 1960-2002

Mueler, M, Pagé, Ch.Kuerbis, B. 2004. Civil Society and the Shaping of Communication–Information Policy: Four Decades of Advocacy. The Information Society, 20, 160-185.

Napoli, Philip M., 2007. ”Public Interest Media Activism and Advocacy as a Social Movement: A Review of the Literature”. McGannon Center Working Paper Series. 21. https://fordham.bepress.com/mcgannon_working_papers/21.

Pajnik, M. And Downing J.D.H. 2008. Alternative Media and the Politics of Resistance: Perspectives and Challenges. Ephemera: Theory and Politics in Organisation

Renzi, A. 2011. From Collectives to Connectives: Italian Media Activism and the Repurposing of the Social, University of Toronto, Toronto, https://hdl.handle.net/1807/29845, http://bnarchives.yorku.ca/635/.

Simon, J. 2023. A New Paradigm for Global Journalism: Press Freedom and Public Interest. Available at: https://www.cjr.org/tow_center_reports/a-new-paradigm-for-global-journalism-press-freedom-and-public-interest.php#The%20Platforms%20and%20Public%20Interest.

Schiffrin, A. ed, Media Capture: How Money, Digital Platforms, and Governments Control the News. New York: Columbia University Press, 2021.

Young-han Kim, 2001. “The Broadcasting Audience Movement in Korea”. Media, Culture and Society, 23(1). 91–107.

Wible, Scott (2004). Media advocates, Latino citizens and niche cable The limits of ‘no limits’ TV, Cultural Studies, 18:1, 34-66.

*До сите линкови е пристапено во периодот од април до октомври 2023 година.*

## ЗА АВТОРОТ

**Санела Хоџиќ** е магистер по родови студии од Центарот за интердисциплинарни студии при Универзитетот во Сараево. Таа е независен истражувач и беше долгогодишен виш истражувач и координатор на истражувачки проекти во Медиацентар во Сараево.

# МОБИЛИЗАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС ВО МЕДИУМИТЕ

## Мапирање добри практики за медиумскиот активизам

Оваа публикација е резултат на истражувањето спроведено како дел од проектот **„Нашите медиуми: Акција на граѓанското општество за поттикнување медиумска писменост и активизам, спротивставување на поларизацијата и промовирање дијалог“**. Второто по ред истражување беше спроведено во тематската рамка „Мапирање на добри практики на медиумски активизам во разни региони во светот, вклучително и во земјите-кориснички на проектот: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, С. Македонија, Србија и Турција“.

Проектот **„Нашите медиуми: Акција на граѓанското општество за поттикнување медиумска писменост и активизам, спротивставување на поларизацијата и промовирање дијалог“** заеднички го спроведуваат девет организации за развој на медиуми од Западен Балкан и од Турција со финансиска поддршка од Европската Унија. Координатор на тригодишниот проект е Фондацијата Медиацентар Сараево. Партнери во проектот се Албанскиот институт за медиуми од Тирана; Бианет (Bianet) од Истанбул; Македонскиот институт за медиуми од Скопје; Институтот за медиуми на Црна Гора од Подгорица; Новосадската школа за новинарство од Нови Сад; Мировниот институт од Љубљана; Советот за печат на Косово од Приштина; и Мрежата за професионализација на медиумите во Југоисточна Европа (SEENPM).

SEENPM
South East European Network
for Professionalization of Media